Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По донесување на Решение за акредитација на студиската програма „Математички науки и примени“, од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, бр.08-1119/7 од 9.8.2022 година од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Природно – математичкиот факултет се обрати со барање бр.02-722/12 од 17.8.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-828/1 од 18.8.2022 година за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-828/2 од 18.8.2022 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 22.8.2022 година изврши увид и изготви Извештај бр.08-828/3 од 25.8.2022 година во кој констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21) и

Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 41-8904/ 7
27 декември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија

д-р Димитар Ковачевски

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Тања Поповска, самостоен референт |
| Проверил: | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| Контролирал: | Љубица Р. Димовска, државен советник |
| | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| Согласен: | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |